Архивски број: 08-430/5
17-10-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-430 од 7.7.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, со адреса на [redacted]/17 во Скопје, за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-430 од 7.7.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 7.7.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] Скопје, против [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше наведена адреса на потенцијалниот дискриминатор и не беа наведени останатите податоци за конкретното лице против кое се поднесува претставката, на 20.7.2023 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе адресата и останати лични податоци на потенцијалниот дискриминатор.

Со оглед на фактот што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не добила повратница за уредна достава на барањето за доуредување, на 2.10.2023 година, подносителот на претставката беше уредно известен за предметното барање преку електронска пошта. Притоа, подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во рок од 8 дена од приемот на барање за доуредување преку електронска пошта.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
17.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]